Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 03 03 2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 1248/2 | 1 | |

**ИЗВЕШТАЈ**
**од програмскиот надзор (мониторинг) на програмата на**
**ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје**
**емитувана на 28 февруари 2014 година**

***Утврдени прекршувања:***

1. <u>**Член 77 став 2 од Изборниот законик**</u> (при објавување на резултатите од испитувањата на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес, медиумите се должни да наведат податоци за името на нарачателот кој го побарал и го платил испитувањето, институцијата што го извршила испитувањето, применетата методологија, големината и структурата на испитаниот примерок и периодот во кој е спроведено испитувањето).

| **Датум** | **Период на емитување** | **Опис** |
|---|---|---|
| 28.02.2014 | 16:10:30 – 16:12:10<br>19:07:13 – 19:08:55<br>23:55:14 – 23:56:54 | Во Вестите од 16 часот, во Дневникот од 19 часот и во Дневникот од 23 часот, емитуван е прилог за резултатите од анкета поврзана со учесниците во изборниот процес, спроведена од Институтот „Павел Шатев“. Не се наведени податоци за големината и структурата на испитаниот примерок и периодот во кој е спроведено испитувањето. |

***Опис на прекршувањето:***

Спротивно на член 77 став 2 од Изборниот законик на 28 февруари 2014 година, на програмата на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, во вестите, при објавување на резултати од испитување на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес не се наведени податоци за големината и структурата на испитаниот примерок и за периодот во кој е спроведено испитувањето.

***Сектор за програмски работи***